# ОБУКА НА РАБОТНО МЕСТО

| Р.Б. | ПРАШАЊА | ОДГОВОРИ |
|---|---|---|
| 1 | Дали може да добијам грант за учество на интернационален тренинг курс кој ќе се одржи во мојата земја? | Не. Бидејќи еден од критериумите за квалификуваност (eligibility criteria) е дека тренинг активноста мора да се одржува во друга земја од земјата на постојан престој (или друга земја од земјата во која апликантот работи, ако ова не е идентично) |
| 2 | Што е набљудување на работно место? Во каков вид на организации може да се одржи? | Комениус - набљудување на работно место треба да ја поддржи размената на најдобрите практики преку директна размена. Во оваа активност апликантот ќе "набљудува" колега во друга институција за да научи повеќе за неговата/нејзината работа. Учесниците се непосредни сведоци на работната средина,и употребените методи и приоди, и може да учат како одреден метод може да се примени во пракса.<br>Институцијата – домаќин треба да биде лоцирана во друга земја која учествува во програмата "Доживотно учење" и да има искуство во полето на активноста за која апликантот сака да учи. |
| 3 | Кои видови на курсеви се квалификувани (eligible)? | Во принцип сите курсеви кои кореспондираат со вашите специфични тренинг потреби како личност која работи во полето на училишното образование. Курсевите треба да бидат најмалку пет работни денови и да се одржуваат во друга европска држава која учествува во програмата "Доживотно учење". Тие треба да понудат Европска додадена вредност, која не може да се добие преку следење на курс во својата земја. |
| 4 | Каде може да пронајдам квалификувани курсеви (eligible)? | Еден од начините за пронаоѓање на курсеви кои моментално се нудат да се најдат во Комениус-Грундвиг базата на податоци за курсеви: http://ec.europa.eu/education/trainingdatabase/. |
| 5 | Дали мора да изберам курс од каталогот? | Не е задолжително да се избере курс од базата. Учеството во други курсеви кои ги исполнуваат критериумите за квалификуваност може да бидат |

| | | |
|---|---|---|
| | | финансирани. Ако аплицирате за грант за учество на курс кој не е во базата на податоци, треба да обезбедите целосни информации за курсот кога аплицирате за грантот (програмата, таргет групата) |
| **6** | Дали може да учествувам на конференција? Кои се условите? | Според водичот за програмата “Доживотно учење” грант за за ваков вид на активност може да биде доделен за учество во “конференција или семинар оранизирани од Кomeниус мрежата, Комениус мултилатерални проекти,Национална агенција или автентична европска асоцијација активна во полето на училишното образование”. Кога се аплицира за ваков вид на тренинг активност, треба да се обезбедат целосни информации за настанот. |
| **7** | Јас сум училишен психолог. Дали сум квалификуван (eligible) за грант за обука на работно место? | Оваа акција е отворена за сите личности кои работат во полето на на училишното образование. Апликантите не мора да се наставници, може да бидат членови на персоналот на училиштето или активни во администрацијата и подржувачи на училишното образование во земјата учесничка. |
| **8** | Јас сум од граничниот регион и живеам во Македонија, но работам во Грција. Каде треба да ја испратам апликацијата? | Апликантите треба да ја испратат нивната апликација до НА во земјата каде што моментално работат. Во конкретниот случај до грчката НА. Ве молиме внимавајте дека во вакви случаи тренинг активноста во Македонија или во Грција не е квалификувана (eligible). |
| **9** | Кои информации ми се потребни за мојата апликација? | Во вашата апликација треба да обезбедите информации за самата тренинг активност и вашата мотивација за следење на тренинг активноста. Апликацијата треба да покаже дека тренинг активноста има потенцијал да ја зголеми европската димензија на професионалниот развој на апликантот, дека активноста е добра вредност за парите и дека има јасна поврзаност помеѓу одбраниот тренинг и тренинг потребите на апликантот. |
| **10** | Јас сум наставник по англиски, но сум заинтересиран за интегрирање на Информациски и комуникациски технологии во | Во принцип да, но курсот треба да соодветствува на вашите тренинг потреби. Ќе мора да докажете дека одбраниот курс кој е таргетиран за потребите на ИКТ наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| | моите предавања. Дали може да одам на курс за наставници за Информациски и комуникациски технологии? | соодветствува на вашите специфични потреби како наставник по јазик. |
| 11 | Јас сум наставник по географија, но сакам да го подобрам моето познавање на странски јазик. Дали сум квалификуван за тренинг активност во обука на работно место само за јазични вештини? | Финансирањето само за јазични учења е ограничено на следниве групи:<br>• Личности кои предаваат друг предмет во училиштата користејќи странски јазик<br>• Наставници кои се преквалификуваат за наставници по странски јазик<br>• Персонал на училиште кое учествува во Комениус училишно партнерство и бара тренинг за еден од јазиците во партнерството<br>• Наставници кои бараат тренинг за помалку употребуван и помалку предаван јазик за целите на предавање. |
| 12 | Јас сум наставник по математика и сум заинтересиран за курс по математика во Германија. Но моето познавање на германскиот јазик не е многу добро. Дали може да земам учество на курсот? | Ако јазикот на предавањето е германскиот, слабото познавање на германскиот јазик може да ги загрози корисностите кои треба вие да ги добиете од учествувањето во курсот. Ако некои јазични подготовки пред тренингот може да го решат проблемот, НА може да додели дополнителни финансии за јазични подготовки. Ве молиме спомнете ја потребата за јазична подготовка во вашата апликациска форма и опишете како ќе се подготвите себе си. |

Порта Буњаковец А2-1, МК-1000 Скопје, Република Македонија; тел. (02) 3109 045, факс. (02) 3109 043
Веб: http://www.na.org.mk; е-пошта: info@na.org.mk